**З А П И С Н И К**
**од првата форумска сесија**
**01.11.2022, Општина Крива Паланка**
**почеток во 11:00 часот**

**Вовед:**

Првата форумска сесија на буџетскиот форум во заедницата во Општина Крива Паланка се одржа во голема сала на општината, во периодот од 11:00 до 15:00 часот. На првата форумска сесија присуствуваа 69 граѓани на Општина Крива Паланка  во следниот состав:

| ВКУПНО: | Жени: | Мажи: |
|---|---|---|
| 69 | 45 | 24 |

**Дневен ред:**

**Прва работилница- сесија од буџетскиот форумски процес за родово одговорно буџетирање Во Општина Крива Паланка**
**Место: општинска сала, 01 ноември 2022 (вторник), 11:00 часот**

## ДНЕВЕН РЕД

| | |
|---|---|
| 11:00 - 11:05 | Добредојде на присутните и вовед во програмата |
| 11:05 - 11:10 | Воведно обраќање на претставник од UN Women |
| 11:10 - 11:15 | Воведно обраќање на Градоначалникот на Општина Крива Паланка |
| 11:15 - 12:15 | ***Презентацја***<br>- Родовата еднаквост и потребата од креирање родово-одговорни политики.<br>**Дискусија и заедничка работа**<br>- Родово одговорно буџетирање<br>- Предизвици |
| 12:15 - 12:35 | ***Пауза*** |
| 12:35 - 13:30 | ***Презентација***<br>- Родова интеграција во програмирање на локално ниво, родова анализа родова статистика, мониторинг и евалуација (матрица)<br>**Дискусија и заедничка работа**<br>- Поставување родови индикатори |
| 13:30 - 13:45 | **Пауза** |
| 13:45 - 14:30 | Презентација на буџетскиот форумски процес за родово одговорно програмирање и планирање на буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година. |
| 14:30 – 15:35 | Презентација на процес на буџетирање и структурата на буџетот на Општина Крива Паланка<br>Договор за следна работилница и форумска сесија |
| 15:35- 16:30 | **Закуска** |

**Записник од сесијата:**

**Т.1. Добредојде на присутните и вовед во програмата**

На почетокот од спроведувањето на буџетскиот форум во Општина Крива Паланка,, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на првата форумска сесија на присутните граѓани и гости, давајќи кратко резиме за потребата за организирање на ***РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ*** со подршка на проектот на UN Women „Промовирање родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија како и за целите и резултатите. Посебно се осврна на буџетскиот форум како процес, чиј предмет на дискусија е буџетот на локалната самоуправа за следната година, што треба да ги рефлектира посебните потреби на сите граѓани и нивните приоритети.

**Т.2. Воведно обраќање на градоначалникот на Општина Крива Паланка**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски ги поздрави присутните граѓани и гости искажа благодарност за интересот и големиот одзив за учество на сите присутни во спроведувањето на буџетскиот форум и посака пријатна и успешна работа, со цел за поквалитетно и успешно спроведување на форум како и донесувањето и реализирањето на самиот буџет на Општина Крива Паланка.

"Како транспарентна, отчетна и одоговорна општина, и овој пат сме тука да ги слушнеме вашите предлози, да дискутираме и заедно да сублимираме, како и каде најдобро да ги насочиме општинските средства, рече во обраќање, градоначалникот на Крива Паланка, Сашко Митовски.

Градоначалникот истакна дека буџетот треба да биде по мерка на граѓаните, а за тоа е доказ веќе сработеното, за само 12 месеци општината реализираше нас 50 проекти притоа водејќи сметка и за родовата застапеност во истите.

**Т.3. Воведно обраќање на претставник на UN women**

Националната координаторка на програмата **Родово одговорно буџетирање - Ивона Паунович-Бишевац** ги поздрави присутните граѓани и гости искажа благодарност за интересот и големиот одзив. Исто така се заблагодари за долгодишната соработка со Општина Крива Паланка која се интензивираше и со потпишувањето на Меморандумот за соработка во 2017 година. Посебно внимание обрати на тоа дека Општина Крива Паланка веќе спроведува родово одговорно буџетирање со тоа што во поголем дел од програмите се имплементира родовата еднаквост. Во контекст на родовото буџетирање ги спомна и новиот закон за буџети како и за потребата за поголема вклученост на Комисијата за еднакви можности, а се заблагодари и на општинскиот координатор за еднакви можности за досегашната успешна соработка.

**UN women** во моментот работи како партнер со 31 општина на територијата на државата, им помага акцентот да се става на родовата еднаквост во најмоќната алатка на општините, а тоа е нивниот БУЏЕТ.

На крај на сите присутни им посака пријатна и успешна работа, со цел за поквалитетно и успешно спроведување на форумот како и донесувањето и реализирањето на самиот буџет на Општина Крива Паланка.

**Т.4. Презентација на родовата еднаквост и потребата од креирање родово-одговорни политики**

Неда Петковска, експертот за Родово одговорно буџетирање од UN Women, пред присутните учесници на форумот имаше презентација за Родовата интеграција во програмирањето на локално ниво, за Родова анализа, Родова статистика,, Мониторинг и Евалуација. Од презентациите учесниците на Форумот се запознаа, од најосновите поими и разлики помеѓу род и пол, па се до постоечките правните рамки за Родова Еднаквост како и што всушност е Родово одговорен буџет. Преку видео примери од Данска присутните можеа да видат практична примена на родово одговорни одлуки и политики донесени од страна на општинските власти. Посебен акцент се стави на родовата социјализација затоа што таа се учи од најмала возраст и има директно влијае на родовата еднаквост помеѓу мажите и жените во општеството.

По презентацијата, од страна на модераторот беше отворена дискусија

- Жаклина Цветковска постави прашање: Кога се прави Анализа за родова еднаквост?

На што од страна на експертот беше детално објаснесто дека анализата може да се направи однапрен, но и во текот на самата имплементација.

- Анѓелина Ѓошева постави прашање, Колку се работи за еднаквост во вработувањето на жените?, за кое се отвори дискусија од присутните и се донесе како општ заклучок дека има интервенции и законски, но и на социјален план, но сеуште не е достигнато задоволително ниво за истото.

**Т.5. Презентација на буџетскиот форумски процес**

По оваа точка, модераторот Лидија Митовска објасни дека буџетскиот форум претставува платформа за структуирани дискусии и предлози за распределба на буџетските средства во општината, на која тема на расправа е буџетот на ЕЛС за наредната година. Резултатот од буџетскиот форум ,пак, треба да биде усвоен општински буџет во консултација со граѓаните. Митовска ги истакна целите кои треба да се постигнат со имплементацијата на буџетскиот форум преку градење на капацитети, создавање на локални партнерства, партиципативното учество на граѓаните во подготовка на буџетот и слично. Истовремено, Митовска го објасни и коцептот на програмата во насока на постојан трансфер кон независно управување од страна на општината , како и раководењето на процесот и форумската структура. Воедно, беше презентирана и динамиката на работа низ сите 4 сесии, целите на секоја од нив поединечно , како и процесот на следење на спроведувањето на форумските приоритети од страна на општината.

**Т.6. Презентација на процесот на буџетирање и структура на буџетот на општина Крива Паланка.**

Љупка Ангеловска од Одделението за финансиски прашања, на присутните граѓани им го презентираше процесот на буџетирање и структурата на буџетот на општината, при што ги запозна со приходите и расходите кои се реализираат во една фискална година, т.е. на еден транспарентен и видлив начин ја презентираше структурата на Буџетот на општина Крива Паланка. Таа прво објасни процесот на буџетирање, а потоа и структурата на буџетот на Општина Крива Паланка, истакнувајќи дека буџетот на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, кој ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, самофинансирачки активности, на донации и на заеми. Ангеловска појасни дека буџетот на општината се однесува за период од една фискана година, која го опфаќа периодот од 1 јануари до 31 декември, а посебно се осврна на постапката за

изготвување, донесување и извршување на  буџетски процес, буџетскиот календар и сопствените извори на приходи.

Во рамките на презентацијата за  структурата на буџетот на Крива Паланка, Ангеловска посочи дека приходите за 2022 година изнесуват 390.641.000 денари, кои се обезбедуваат од даночни, неданочни и капитални приходи, како и од трансфери и донации и од кредити. Ангеловска ги претстави и  расходите, при што даде детален опис на  основниот буџет, блок дотациите, буџетот од самофинасирачките активности и од донации. Прикажувајќи ги планираните и реализирани  приходи и расходи за првите 6 месеци од 2022 година.

По презентацијата, од страна на модераторот беше отворена дискусија.

**Т.9. Договор за следна работилница и форумска сесија и затворање на сесијата**

Модераторот  Лидија Митовска  им се заблагодари на присутните за бројното учество на првата форумска сесија  и ги покани граѓаните да учествуваат и на втората форумска сесија, закажана за **11.11.2022 год.(петок** ) во големата општинска сала со почеток во 11 часот.

**Завршен параграф:**
Првата форумска сесија заврши во 15:00 часот.

**Записникот го подготви:**
Гордана Ристовска

**Прилози:**

1. Преглед/Список за присуство на првата форумската сесија